## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 19.07.2019

На 19.07.2019 во 02.30 часот, врз основ на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на С.Л.(53) од Струга. При претресот биле пронајдени и одземени воздушна пушка „ГАМО Делта Фокс", ловна пушка „Застава", 50 куршуми калибар 7,65мм; 22 малокалибарски куршуми; осум патрони калибар 7,6мм; пет патрони калибар 8,5мм; еден куршум непознат калибар, мобилни телефони и три кутии со алат за насилно обивање на врати. По целосно расчистување на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Велес поднесе кривична пријава против О.П.(37) од Градско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 14.12.2018 година во Градско

полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 10 куршуми.

На 18.07.2019 во 13.30 часот кај базата на „Македонија пат"-Гевгелија, полициски службеници дале знак за запирање на товарно возило „Мерцедес Атего" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ж.В.(26) од Скопје. Возилото не застанало и во близина на село Грчиште, Ж.В. го запрел возилото и почнал да бега, но набргу потоа бил пронајден и лишен од слобода. При прегледот во возилото биле пронајдени 48 лица-мигранти, од кои 38 лица од Пакистан и 10 од Бангладеш. Ж.В. бил предаден во Полициската станица Гевгелија и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против В.С.(56) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Пријавената, во својство на вршител на должност директор на Здравствен дом д-р „Хаим Абраванел" во Битола, врз основа на објавен оглас за прием на медицински персонал-медицински сестри, лаборант, фармацевт и психолог на неопределено време, без присуство на Комисија за селекција, спровела интервју со 62 рангирани кандидати кои ги исполнувале условите од огласот. Еден ден пред објавувањето на резултатите од конкурсот, до правната служба на домот, доставила список со девет кандидати кои требало да бидат примени, при што само тројца од нив припаѓале на прворангираните девет кандидати, додека останатите шест кандидати биле примени без јасен критериум и спротивно на условите вреднувани од комисијата при составување на ранг листата.

На 18.07.2019 во 11.50 часот на граничен премин „Аеродром Скопје", при пасошка контрола и проверка било констатирано дека лицето А.Г.(49) од Холандија се наоѓа на листата со мерка „АПСИ " по барање на Интерпол. Тој бил лишен од слобода и предаден во Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

На 18.07.2019 во 18.30 часот на бул.„Видое Смилевски Бато" во Тетово, Ш.Х.(47) од с.Вејце, тетовско, управувајќи патничко возило „Фолкваген Голф" со тетовски регистарски ознаки, удрил во Т.А.(18) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Т.А. и била пренесена во болницата во Тетово. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 18.07.2019 околу 16.00 часот на ул.„Шишка" во Кавадарци се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Опел корса" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од З.М.(60) од Кавадарци и патничко возило „Фолксваген Голф" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од М.Г.(61) од Кавадарци. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото „Опел корса", З.М. кој бил пренесен во болницата во Кавадарци. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 18.07.2019 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, Е.Ј.(34) од Скопје пријавила дека на ул.„Кеј Димитар Влахов" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 18.07.2019 во 12.40 часот во Полициската станица Центар, Д.С.(31) од Скопје пријавила дека на ул.„Кеј Димитар Влахов" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на изминатиот ден (18.07.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 38 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај исклучени се 38 возачи од кои: 13 возачи управувале возило под дејство на алкохол, 23 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи почетници кои не ги почитувале законските ограничувања. Исто така, исклучени од сообраќај се и 15 возила затоа што не биле регистрирани. Санкционирани се еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, тројца возачи поради неправилно престројување, еден поради неправилно престигнување, четворица поради недавање првенство на минување на возила, 12 возачи на мотоцикли затоа што не носеле заштитен шлем-кацига, 16 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 20 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 54 мандатни платни налози и 48 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Полициската станица Кавадарци поднесе кривична пријава против Б.Ч.(27), Љ.Т.(30) и С.О.(20), сите од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на пари‟. Пријавените, делото го сториле во текот на јуни оваа година. Тие набавиле вкупно 193 банкноти од по 500 денари, сите со ист сериски број и 1000 денари со исти сериски број, по што ги пуштале во промет во Кавадарци и другите градови. Лицата се приведени во полициска станица за понатамошна постапка.

На 18.07.2019 во 17.50 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во станот каде престојува лицето М.К.(25) во Скопје. При претресот биле пронајдени и одземени кокаин и амфетамин и вага со остатоци од амфетамин. Лицето било приведено во Полициска станица Аеродром, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19 јули во 04.05 часот на булевар „Гоце Делчев” во Прилеп, полициски службеници го привеле лицето Х.Р.(36) од Прилеп поради тоа што под дејство на алкохол го нарушувал јавниот ред и мир и ги вознемирувал граѓаните. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18 јули во 09.35 часот во Полициската станица Ресен, Ј.Н.(44) од с.Штрбово пријавил дека во помошен објект пронашол рачна бомба од Првата Светска војна. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување бомбата била безбедно подигната.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 18 јули извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирале дека шест возачи управувале возило без возачка дозвола,пет возила биле нерегистрирани , брзината ја надминале 22 возачи, а додека еден зборувал на мобилен телефон.

На 18.07.2019 во 12.40 часот во Полициската станица Аеродром, М.М.(74) од Скопје пријавил дека на бул.„Асном‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата надколеница.

На 18.07.2019 околу 11.36 часот на локалниот с.Зелениково – с.Орешани во Скопје, полициски службеници дале знак за запирање на патничко возило „Доган Тофаш‟, управувано од Е.М.(30) од село Студеничани, скопско. Возилото не застанало, по што

полициските службеници со службеното возило тргнале по него. Е.М. и сопатниците М.Б.(23) и М.А.(32), двајцата од село Студеничани, биле приведени во Полициската станица Драчево за понатамошна постапка, а во возилото се пронајдени моторна пила и секира.

На 18.07.2019 во 19.50 часот М. Г. (39) од Скопје пријавил дека неговата 16-годишна ќерка. самоволно го напуштила домот. Според пријавата, таа најверојатно се наоѓа во Велес со машко лице. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.С.(43) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.09.2018 наул. „Ѓорче Петров" во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и пронашле и одзеле хероин.

На 18.09.2019 во 23.44 часот во СВР Скопје, М.А.(17) од село Смилковци, скопско, пријавил дека истиот ден во автобус во населба Ченто во Скопје физички бил нападнат од четири лица. Се работи на на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.С.(30) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.01.2018 во Тетово, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин, дигитална вага со остатоци од хероин, марихуана и пари.

СВР Битола поднесе кривична пријава против З.П.(51) и В.М.(67), двајцата од село Лавци, битолско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „посебни случаи на фалсификување пари, хартии од вредност или знаци од вредност". Во текот на 2017 и 2018 година, првопријавениот, во својство на претседател на месната заедница во село Лавци и второпријавениот, во својство на секретар на истата месна заедница, искористиле службен печат од општина Битола кој е со измината важност, при што извршиле заверка на обрасци-парагони, на име на лице од село Лавци со кои била вршена наплата на потрошена вода од селскиот водовод во истото село, а исто така, со употреба на печат со ограничена важност, извршиле заверка на парагон на име друго лице од село Лавци.

На 18.07.2019 во Полициската станица Чаир, Д.И.(49) од Скопје пријавил дека од дома заминала неговата сопруга С.В.(39) заедно со нивните две малолетни деца. Според евиденцијата на МВР, С.В. претходно заедно со децата неколку пати го напуштала домот поради претходни семејни недоразбирања. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

(/profilepage/pomoshnik-minister-co)

kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)